# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

ул. Јуриј Гагарин бр. 15, 1000 Скопје
тел. (02) 3094 200, факс: (02) 3082 937, е-пошта: kontakt@aa.mk


INTERCERT system certification
ISO 9001:2015 CERTIFIED
Q-031/2018

Наш број: 08-1794/2 31-12-2024

Ваш број:

ДО
**Министерство за надворешни работи**
**бул. „Филип Втори Македонски“ бр.7**
**1000 Скопје**

ПРЕДМЕТ: Препраќање на барање

Почитувани,

До Агенцијата за администрација беше доставено Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш број 08-1794/1 од 11.12.2024 година, поднесено од барателот од Скопје.

Согласно член 18 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), и член 7 став 1 од Упатството за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.60/2020), Агенцијата за администрација како имател на информации утврди дека не располага со бараната информација и оттука предметното Барање го препраќа до имателот на информации кој според содржината на Барањето е имател на информацијата и за истото го извести барателот.

Предметното Барање кое се препраќа е дадено во прилог на овој допис, и во однос на истото потребно е да се произнесете до барателот во делот од Ваша надлежност.

Воедно, напоменуваме дека согласно член 18 став (2) од Законот и член 7 став од Упатството, рокот за добивање на информацијата до барателот почнува да тече од денот на добивањето на предметното Барање кај имателот на информацијата до кого истото е препратено.

Прилог: Барање за пристап до информации од јавен карактер заведено под наш број 08-1794/1 од 11.12.2024 година

Со почит,

Овластено службено лице

______________________